Georg-Eckert-Institut BS78
1 034 617 1

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ
## - ПРЕДМЕТНА НАСТАВА -

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ИСТОРИЈА*

**VI одделение**

Скопје, 2004 година

MK
2-1
(1, 2004) 6

Georg-Eckert-Institut
für internationale
Schulbuchforschung
Braunschweig
-Schulbuchbibliothek -
2005|2023

**ЦЕЛ НА НАСТАВАТА**

Цел на наставата по историја во основното образование е учениците да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесе во изградување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, кон она што претставува цивилизациско достигнување во светот, како и да го продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси.

**ЗАДАЧИ:**

- ученикот да ги користи и соодветно да ги употребува поимите и термините карактеристични за овој историски период;
- да ги доведе во причинско-последична врска преселувањето на Словените на Балканот и промените кои настанале под нивно влијание;
- да ги посочи основните карактеристики на првите словенски држави и различните фази од нивниот општествен развиток;
- да го разбере значењето и придонесот на Самуиловата средновековна македонска држава во историскиот развиток на Македонија;
- да ги именува творците на словенската писменост и да го објасни нивниот придонес во развојот на словенската култура и врз културата на другите народи;
- да го разликува граѓанството како општествен слој, со сите свои карактеристики;
- да ги согледа причинско-последичните односи меѓу новите технички пронајдоци и големите географски откритија и нивниот придонес во понатамошниот развој;
- да ги воочи и објасни промените по османлиското завладување на Балканот.

| НАСТАВНА ТЕМА : СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СРЕДНИОТ ВЕК<br><br>2. ГОЛЕМАТА ПРЕСЕЛБА НА НАРОДИТЕ | - Ученикот да го сфати поимот и значењето на средниот век, неговата хронологија и периодизација и неговите карактеристики;<br>- да ги осознае основните карактеристики на феудализмот.<br><br>- Ученикот да ги знае причините за големото раздвижување и преселување на народите;<br>- да ги разбере причините и правците на преселувањата на Германите, Хуните, Словените и формирањето на нови држави во Европа. | *Средства:*<br>Карти: - Франската држава;<br>- Европа;<br>- Апенински Полуостров;<br>- Византија во VI в.<br>Историски атлас<br>Елемент филм -Развој на средниот век, слики, портрет на Карло Велики, Мека<br><br>*Активности:*<br>- прави апликации и вежби за преселбата и правците на движење на народите;<br>- вежба преку шема за слоевите во феудалното општество; |

| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | Средства и активности |
|---|---|---|
| 3. ДРЖАВАТА НА ФРАНКИТЕ | - Да знае за формирањето на државата на Франките во Галија, нејзиниот развој и опаѓање;<br>- да ја сфати улогата на христијанската религија во државата и во животот на луѓето;<br>- да стекне заења за кутурата во државата на Франките. | - прави анализа на беседата на таткото на Карло Велики;<br>- анализира дел од збирката "Илјада и една ноќ" врзани со животот и верувањата на Арабјаните (пр. Шехерезада); |
| 4. ПОЈАВА НА ИСЛАМОТ | - Да се запознае со појавата на исламот, неговата улога и значење;<br>- да ги осознае основните елементи на исламската религија и нејзиното ширење. | - чита делови од Библијата и Новиот завет (христијанска религија);<br>- разработува и прави анализа на илустративниот материјал од учебникот; |
| 5. ИСТОЧНО РИМСКО ЦАРСТВО (ВИЗАНТИЈА) | - Да се запознае со територијата, населението и уредувањето на државата;<br>- да се запознае со периодот на Јустинијан и неговото владеење;<br>- да ја сфати улогата на византиската култура и нејзиното општо културно значење. | - прави споредба - христијанство - ислам. |

| НАСТАВНА ТЕМА: БАЛКАНОТ ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | Средства и активности |
| 1. НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ НА БАЛКАНОТ<br><br>2. ПРОМЕНИТЕ НА БАЛКАНОТ ПО ДОСЕЛУВАЊЕТО НА СЛОВЕНИТЕ | - Да знае за правците и територијата на населување на Словените на Балканот;<br>- да го осознае начинот на живеење, верувањето и обичаите на старите Словени.<br><br>- Да знае за односот на Словените кон староседелците и за начинот на живеење;<br>- да знае за промените во топонимијата;<br>- да го сфати влијанието на христијанската религија врз Словените. | *Средства;*<br>Карта: Балкански Полуостов<br>Големите преселби на народите<br>Историски атлас<br>Историска читанка<br>Дијафилм-населување на Словените на Балканот<br>Елементфилм – Преселба на Словените кон југ<br>Слики<br><br>*Активности:*<br>- изработува шеми и апликации за територијата на која живееле Словените и насоките на преселбата; |

| СОДРЖИНИ | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 3. СОЗДАВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ДРЖАВА | - Да го знае потеклото на Бугарите, начинот на живеење;<br>- да го разбере формирањето и развојот на државата;<br>- да знае за примањето на христијанството и неговото значење. | - изработува макета - Словенска населба, сплав, чун и други средства кои ги користеле Словените;<br>- користи текст "Начинот на војување на старите Словени" – Љубен Лапе, одбрани текстови. |
| 4. СОЗДАВАЊЕ НА ДУКЉА И РАШКА | - Да го разбере процесот на населување на српските племиња, начинот на живеење, обичаи, култура;<br>- да знае за формирањето на првите држави на Дукља и Рашка. | |
| 5. АЛБАНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК | - Да се запознае со местоположбата на Албанија, неселението, начинот на живот, верувањата;<br>- да го разбере процесот на словенската колонизација, општествено-економските и етничките промени. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: МАКЕДОНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. НАСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА<br><br>2. ПОЈАВА И РАЗВИТОК НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ И КУЛТУРА<br><br>3. ДЕЈНОСТА НА СВ. КЛИМЕНТ и СВ. НАУМ | - Да го сфати процесот на населување на словенските племиња во Македонија и промените во топонимијата;<br>- да го разбере односот кон староседелците и создавањето македонски склавинии и сојузи;<br>- да знае за обидите за освојување на Солун;<br>- да знае за потпаѓањето на македонските Словени под византиска и бугарска власт.<br><br>- Да се запознае со процесот на христијанизацијата и создавањето на словенската азбука и писменост;<br>- да ги сознае и сфати дејноста и значењето на св. Кирил и св. Методиј.<br><br>- Да знае за културно-просветната и духовната дејност на св. Климент и св. Наум во Македонија;<br>- да го разбере значењето на Охридската книжевна школа и нејзиното влијание врз културната традиција на македонскиот народ. | *Средства;*<br>Карта: Македонија<br>Самуиловото царство<br>Охридска патријаршија<br>Слики: нападите на Солун<br>Охрид заштитен клуч од X век<br>Црквата Св. Климент<br>Стари македонски градови<br>Историски атлас<br>Историска читанка<br>*Активности:*<br>- преку текст метода разработува четива од житието на Климент, создавање на словенската писменост, Љ. Лапе,одбрани текстови;<br>- изработува направи кои ги користеле Словените пред нападите на Солун;<br>- гипсени скулптури на св. Кирил и св. Методиј, дрвени скулптури на св. Климент; |

| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 4. БОГОМИЛСКО ДВИЖЕЊЕ | - Да знае за појавата и ширењето на богомилството;<br>- да ја знае суштината на богомилското учење;<br>- да ги разбере причините за прогони на богомилите. | - графички приказ - првобитна форма на глаголицата;<br>- организира групна форма на работа, подготвува наставни ливчиња; |
| 5. СОЗДАВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА ДРЖАВА | - Да го разбере процесот на создавање на државата;<br>- да го објасни востанието против византиската власт;<br>- да знае за ширењето на државата и прогласувањето на Самуил за цар. | - изработува квадрант за битката на Беласица;<br>- изработува Венов дијаграм за востанијата на Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех.<br>- Грозд метода за Кирил, Методиј, Климент и Наум. |
| 6. ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРОПАЃАЊЕ НА САМУИЛОВАТА ДРЖАВА | - Да знае за организацијата на Самуиловата држава и улогата на црквата;<br>- да ги сфати причините за слабеењето и пропаѓање на Самуиловата држава. | - Истражување-Самоилова држава (интегрирана настава). |

| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | Средства и активности |
|---|---|---|
| 7. ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА | - Да го објасни создавањето и организацијата на Охридската архиепископија;<br>- да разбере каков бил духовниот и културниот живот на македонското население. | |
| 8. ВОСТАНИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВО XI ВЕК | - Да ги разбере причините за кревање на востанијата во Македонија (Петар Делјан; Ѓорѓи Војтех);<br>- да ја определи територијата на востанијата;<br>- да знае за борбите против Византија и причините за неуспесите на востанијата. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. НАСТАНУВАЊЕ И РАЗВИТОК НА СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ГРАДОВИ<br><br>2. ХУМАНИЗАМ И РЕНЕСАНСА | - Да знае за настанувањето на средновековните градови како средишта на живеење на голем број занаетчии, трговци и други слоеви на граѓани;<br>- да го опише изгледот на средновековните градови и да го разбере животот и организацијата во градовите;<br>- да го разбере односот на градовите со феудалците и кралот и создавањето на градска самоуправа.<br><br>- Да знае за појавата, развитокот и значењето на хуманизмот и ренесансата;<br>- да знае за развојот на уметноста, книжевноста и науката. | *Средства:*<br>Карта -Свет<br>- Географски открития<br>- Европа од XV - XVIII век<br>Историски атлас<br>Историска читанка<br>Слики<br><br>*Активности:*<br>- се составува Т-табела за разликите помеѓу античките и средновековните градови;<br>- изработува цртеж - изглед на средновековен град;<br>- изработка на портрети на ликови од хуманизмот и ренесансата;<br>- креира технички пронајдоци, каравела, компас, карта на Тосканели; |

| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 3. ГОЛЕМИТЕ ГЕОГРАФСКИ ОТКРИТИЈА | - Да се запознае со новите технички пронајдоци кои ги условиле големите географски открития;<br>- да го опише откривањето на Америка;<br>- да го опише откривањето на поморскиот пат за Индија и првото патување околу светот;<br>- да го осознае значењето на големите географски откритија и заемното влијание на културите на европскиот, азискиот и американскиот свет. | - чита и анализира историски текст "Настанување на еден средновековен град" (Историска читанка за II година, стр. 5);<br>- организира стратегии и постапки на работа (програмирана работа).<br>Истражување-работа во групи (морепловците) |
| 4. ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО СРЕДНИОТ ВЕК (ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК) | - Да знае за развојот на науката, уметноста, градежништвото и другите културни достигања;<br>- да ги воочи специфичностите на секојдневниот живот на луѓето. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: БАЛКАНОТ ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. ВИЗАНТИЈА ОД XII – XV ВЕК<br><br><br><br><br>2. ПОДЕМ НА БУГАРИЈА И СРБИЈА<br><br><br><br><br><br><br>3. АЛБАНСКОТО КНЕЖЕВСТВО И ДЕСПОТОТ АРТА (XII – XIII ВЕК) | - Да знае за општесвено-економските и политичките прилики во Византија;<br>- да знае за односите на Византија со соседите;<br>- да ги сфати причините за слабеењето и опаѓањето на моќта на византиската држава.<br><br>- Да го осознае процесот на ширење на српската држава, нејзината превласт на Балканот и претворање на српското кралство во царство;<br>- да знае за ширењето на бугарската држава и нејзината улога во балканската историја.<br><br><br>- Да го разбере процесот на создавање на албанските феудални владеења во XII и XIII век;<br>- да ги објаснува особеностите на албанското општество во раниот среден век. | *Средства:*<br>Карта: Балкански Полуостров<br>Дијафилм-Појава на Турците и паѓањето на балканските држави – османлиите во XIV век<br>Историски атлас<br>Историска читанка<br>Слики<br><br><br>*Активности:*<br>- изработка на историски албум за значајните настани од духовната и материјалната култура од овој период. |

| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 4. АЛБАНСКИТЕ КНЕЖЕВСТВА ВО XIV ВЕК | - Да знае за положбата на Албанците под власта на цар Душан;<br>- да знаат за кнежевствата на Топите, Балшите и кнежевството Арта; | - Учениците толкуваат илустративен материјал, читаат прилагодени текстови од законикот на Лех Дукаѓини; изработуваат проект за начинот на живот на Албанците во раниот среден век. |
| 5. ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА | - Да се запознае со настанувањето на османлиската држава;<br>- да го разбере државното уредување, тимарско-спахискиот систем и улогата на исламот;<br>- да го сфати процесот на ширењето на државата. | |
| 6. ПОТПАЃАЊЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ | - Да ги разбере причините на слабеење на балканските земји;<br>- да ги сфати првите османлиски освојувања на Балканот и потпаѓањето на Бугарија, Србија и Албанија под османлиска власт. | |
| 1. ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА АЛБАНЦИТЕ ДО XIV ВЕК | - Да знае за особеностите на образованието, книжевноста, архитектурата, скулптурата на Албанците до крајот на XIV век;<br>- да ги сфати религијата и црковното организирање на Албанците до XIV век. | |
| 8. ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК ( СРБИЈА И БУГАРИЈА ) | - Да разбере за културата на Византија нејзиното влијание врз културите на соседните балкански земји;<br>- да знае за кутурните достигања на другите балкански земји и народи;<br>- да го сфати начинот на живот и обичаите на луѓето на Балканот. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: МАКЕДОНИЈА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК | | |
|---|---|---|
| **СОДРЖИНА** | **ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ** | **СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ** |
| 1. САМОСТОЈНИ ВЛАДЕТЕЛИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIII ВЕК | - Да го разбере процесот на самостојно владеење на македонските феудални владетели: Добромир Хриз, Срез, Алексиј Слав. | <u>*Средства:*</u><br>Карта: Македонија<br>- Македонија во време на османлиското владеење<br>Дијафилм-Тимарско-спахиски систем во Македонија |
| 2. САМОСТОЈНИ ФЕУДАЛНИ ДРЖАВИ ВО XIV ВЕК | - Да ја сфати положбата на Македонците под туѓинска власт ( византиска и српска власт);<br>- да знае за создавањето на Прилепското македонско кралство и Серската држава и државата на Јован и Константин Драгаш. | Историски атлас<br>Историска читанка<br>Слики<br><br><u>*Активности:*</u><br>- анализа на јуначки песни за крал Марко (легенди, песни, анегдоти); |
| 3. ПОТПАЃАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ | - Да знае за Маричката битка и последиците за Македонија;<br>- да ја разберат улогата на крал Марко како заштитник на македонскиот народ и вазал на османлиите;<br>- да знае за битката кај Ровине и паѓањето на Македонија под османлиска власт. | - користи постери од културски споменици во Македонија од крајот на XIV век (цркви, фрески, збирка на крстови);<br>- чита и анализира историски текст "Битката кај Ровин" – Љ. Лапе – одбрани текстови. |

| | | |
|---|---|---|
| 4. ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА XIV ВЕК | - Да знае за основните карактеристики на културата до XIV век, литературата, уметноста, градежништво, материјални остатоци;<br>- да го осознае начинот на живеење и обичаите на луѓето. | |
| 5. ВЛАСИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО СРЕДНИОТ ВЕК | - Да знае за потеклото и територијата на Власите;<br>- да ги сфати обичаите и начинот на живот на Власите во Македонија. | |

| НАСТАВНА ТЕМА: БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК | | |
|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
| 1. КОЛОНИЗАЦИЈА И ИСЛАМИЗАЦИЈА ВО БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ<br><br>2. ОТПОРИ ПРОТИВ ОСМАНЛИСКАТА ВЛАСТ НА БАЛКАНСКИТЕ ЗЕМЈИ<br><br>3. АЛБАНИЈА ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XV ВЕК | - Да го осознае процесот на колонизација и исламизација на балканските земји по паѓањето по османлиска власт и последиците.<br><br>- Да знае за видовите на отпор против османската власт;<br>- да ги сфати причините за отпорот.<br><br>- Да знае за првите османлиски освојувачки походи во Албанија;<br>- да ги објаснува востанијата на Ѓон Кастриоти и Ѓерѓ Арианити против османлиската власт. | *Средства:*<br>Карта – Македонија – Османлиската држава во XIV век<br>Портрет: Карпош, Скендербег<br>Слики: Охрид, Св. Наум, Св. Јован Бигорски<br>Историски атлас<br>Историска читанка<br><br>*Активности:*<br>- чита и анализира текст - “Охридската архиепископија” – (Историска читанка за VII одд., стр. 51 – 53 );<br>- чита и анализира текст “Поемата за Скендербег”;<br>- го претставува ликот на еден ајдут; |

| СОДРЖИНА | ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ | СРЕДСТВА И АКТИВНОСТИ |
|---|---|---|
| 4. ВОСТАНИЕТО НА СКЕНДЕР-БЕГ | - Да знае за животот и делото на Скендер-бег пред враќањето во Албанија;<br>- да знае за враќањето на Скендер-бег во Круја и за општото ослободително востание во 1443 година;<br>- да знае за соборот во Лежа и создавањето на Албанската лига (2.03.1444). | - изработува макета на Камениот мост – Скопје;<br>- изработка на постер со сите значајни споменици за културата на Балканот и Македонија од XIV – XVIII век |
| 5. ВОЕНИТЕ СУДИРИ НА СКЕНДЕР-БЕГ СО ОСМАНЛИСКАТА ВОЈСКА | - Да знае за ослободувањето на средна Албанија и неуспехот на османлиската војска во време на првото опколување на Круја;<br>- да знае за натамошните војувања на Скендер-бег до неговата смрт. | - изработува проект за животот и делото на Скендер-бег;<br>- составува хронолошка таблица за Албанија од XII до XVIII век. |
| 6. ЛИКОТ И ДЕЛОТО НА СКЕНДЕР-БЕГ | - Да го опише Скендер-бег како воен стратег и дипломат;<br>- да го сфати значењето на епохата на Скендер-бег и неговото значење во одбраната на европската цивилизација. | |
| 7. АЛБАНИЈА ПО ВОСТАНИЕТО НА СКЕНДЕР-БЕГ | - Да знае за отпорот против османлиските и венецијанските освојувачи по смртта на Скендер-бег;<br>- да знае за дефинитивното потпаѓање на Албанија под османска власт и за големите преселби како последица од истото. | |

| | | |
|---|---|---|
| 8. АЛБАНЦИТЕ ВО XVII И XVIII ВЕК | - Да знае за економската положба на Албанците и политичко-административната поделба;<br>- да знае за албанското востание за време на Австро-турската војна 1689-1690;<br>- да го сфати чифлигарскиот систем. | |
| 9. КАРПОШОВО ВОСТАНИЕ<br><br>10. МАКЕДОНИЈА ПО КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ (XVII – XVIII ВЕК)<br><br>11. ПОЛОЖБАТА НА ОХРИДСКАРА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО ОСМАНЛИСКАТА ДРЖАВА | - Да знае за причините и текот на Карпошовото востание;<br>- да ги осознае причините за неуспехот на востанието и неговите последици;<br>- да го сфати значењето на ликот на Карпош.<br><br>- Да знае за положбата на македонското население по Карпошовото востание;<br>- да ги сфати процесите на миграција и промените во етничкиот состав на населението.<br><br>- Да знае за положбата и односот на османлиската власт кон Охридската архиепископија;<br>- да знае за врските на Охридската архиепископија со европските и христијански држави;<br>- да знае за укинувањето на Архиепископијата (1767) и последиците за македонскиот народ. | - Чита и анализира изворни и литературни текстови, на пр, на Видое Подгорец (*Карпошовата буна*) и други автори за опис на ликот на Карпош. Се применува и стратегијата квадрант (дијамант или петторед) од проектот ЧПКМ.<br><br>Изработување проект на тема: Христијанските и исламските градби на Балканот од XII до XVIII век. |



Georg-Eckert-Institut
für internationale
Schulbuchforschung
Braunschweig
-Schulbuchbibliothek -

| | | |
|---|---|---|
| 12. ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА ВО МАКЕДОНИЈА ОД XV – XVIII ВЕК | - Да знае за развојот и специфичностите на просветата, кутурата и уметноста во Македонија;<br>- да знае за појавата и развојот на исламската култура во Македонија;<br>- за го сфати значењето на христијанската црква во Македонија во ширењето на просветата и кутурата;<br>- да ги сфати обичаите и начинот на живот на обичниот човек. | |
| 13. ЖИВОТОТ И КУЛТУРАТА КАЈ АЛБАНЦИТЕ ОД XV – XVIII ВЕК | - Да знае за просветата, книжевноста и уметноста кај Албанците;<br>- да ја опише положбата на христијанската црква кај Албанците;<br>- да го објасни ширењето на исламот кај Албанците. | |

***ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ 48 НАСТАВНИ СОДРЖИНИ, НАСТАВНИЦИТЕ ВО СВОЕТО ГОДИШНО И ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ ЗАДОЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА РЕАЛИЗИРААТ 35 СОДРЖИНИ.***

## ОСНОВНИ ЗНАЕЊА И СПОСОБНОСТИ

**Ученикот во VI одделение стекнал основни знаења и способности ако:**

- ги разликува причините и ги знае правците за големата преселба на народите и последиците од нив;
- го знае процесот на настанување и ширењето на државата на Карло Велики и причините за распаѓање на државата;
- ја разбрал улогата на исламот и ја опишува арапската култура и достигнувањата во неа;
- го разбира процесот на расцепот на христијанската црква;
- ги знае причините, преселувањата и општествено-економските промени кај Словените со доаѓањето на Балканот;
- го знае формирањето и развојот на балканските држави и народи;
- го знае процесот на населување на Словените во Македонија, промените, создавањето на сојузи;
- ја истакнува улогата на св. Климент и св. Наум во Македонија;
- знае за суштината на богомилското учење;
- го објаснува создавањето на македонската средновековна држава, организацијата, општественото и државното уредување;
- ја објаснува улогата и значењето на Охридската архиепископија низ вековите;
- го истакнува настанувањето на градовите, појавата на граѓанството и нивното значење;
- го објаснува новиот поглед на свет, хуманизмот и ренесансата и нивното широко културно движење;
- го разбира подемот и ширењето на балканските држави, значењето на културата до крајот на XIV век;
- го истакнува отпорот против османлиската власт и востанието на Скендер-бег и неговата личност во тие настани;
- ги објаснува повеќето видови на отпор против османлиската власт и Карпошовото востание;
- знае за развојот на просветата, културата и религијата на балканските земји (Албанија, Србија, Бугарија) од XV – XVIII век.

ПРОФИЛ НА НАСТАВЕН КАДАР

- Филозофски факултет – Институт по историја;
- Педагошки факултет – Институт по историја – географија.

НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ЈА ИЗГОТВИ РАБОТНАТА ГРУПА:

1. Живко СТЕПАНОСКИ, раководител, педагошки советник по историја во БРО
2. д-р Виолета АЧКОСКА, професор на Филозофски факултет – Скопје
3. д-р Тодор ЧЕПРЕГАНОВ, Институт за национална историја – Скопје
4. д-р Коста АЏИЕВСКИ, професор на Филозофски факултет – Скопје
5. д-р Рамиз АБДУЛИ, Институт за национална историја – Скопје
6. д-р Сефедин ЕЛЕЗИ, Министерство за образование и наука
7. д-р Халим ПУРЕЛКУ, професор во Гимназијата "Зеф Љуш-Марку" – Скопје
8. Ѓевена ПЕТКОСКА, професор во ОУ "Димо Хаџи – Димов" – Скопје
9. Хидаета МУСЛИУ, наставник во ОУ "Љубен Лапе" – Скопје
10. Неби ДЕРВИШИ, професор во УСО "Нико Нестор" – Струга
11. Миланчо ПЕТКОВ, педагошки советник по историја во БРО